**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 06.04.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довелева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски, ја отвори 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со присуството на седница, извести дека г-ѓа Машовиќ, преку СМС порака го известила дека ќе задоцни, поради сообраќајната гужва во градот.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“, (г-ѓа Машовиќ, не беше присутна во моментот на гласање), го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.03.2016 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.03.2016 година.
3. Информација за доставено Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.
4. Предлог-одлука за вршење процена на вредноста на движна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 6 гласа „за“, (г-ѓа Машовиќ, не беше присутна во моментот на гласање), го усвои Записникот од првото продолжение на 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.03.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.03.2016 година.

Г-дин Фиданоски, даде забелешка која се наоѓаше на страна 7 од вкупниот материјал, односно страна 4 од Записникот. Објасни дека во првиот пократок пасус од неговата дискусија, во дел од реченицата треба да стои „од партиски војници и поданици на ВМРО ДПМНЕ и Никола Груевски..“ и понатаму да продолжи така како што е запишано. Рече, се сеќава дека така се изјаснил и затоа инсистира така да стои.

Г-дин Петрушевски, во врска со забелешката од г-дин Фиданоски, предложи записникот да не се одложи, туку вработените од одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, да ја проверат аудио/видео снимката, за да се констатира дали забелешката од г-дин Фиданоски ја има на аудио записот, односно дали ќе се внесе во содржината на записникот или не.

Раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевска, по проверка на аудио записот, информира дека реченицата во која се запишани зборовите „партиски војници на ВМРО ДПМНЕ..“ се идентични, онака како што се кажани во дискусијата од страна на г-дин Фиданоски, односно без зборовите „поданици“ и „Никола Груевски“.

Г-дин Фетаи, рече дека за неговата забелешка не треба проверка во аудио/видео записот од седницата, туку предложи да се преформулира една реченица од неговата дискусија, бидејќи според него е нелогична. Забелешката се наоѓаше на страна 9 од вкупниот материјал, односно страна 6 од Записникот и предложи зборот „работи“ да се замени со „сработено“.

Советот на Агенцијата, со забелешката од г-дин Фетаи, едногласно, со 6 гласа „за“, (г-ѓа Машовиќ, не беше присутна во моментот на гласање), го усвои Записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Информацијата за доставено Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. При тоа наведе дека ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, во неговото барање нема доставено информација во однос на тоа доколку евентуално ја добие бараната дозвола, дали претходната дозвола, односно сегашната дозвола која ја има, ќе ја врати. Претпостави дека тоа ќе биде дефинирано дури од кога би се распишал јавниот конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, за да не се прекршат одредбите од Законот кои се поврзани со недозволена медиумска концентрација. Во врска со материјалот

кој е доставен на седницата по оваа точка, објасни дека постојат две опции како законска можност, за да Советот донесе заклучок. Бидејќи претходната Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, од аспект на исполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката, Советот ја усвои во втората половина на месец декември 2015 година и бидејќи временскиот период е краток, постои опција, доколку Советот смета, да ги прифати резултатите од таа Студија и на барателот да му биде одбиено барањето за дозволата за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Втората опција е да Советот донесе заклучок дека има потреба од изработка на нова студија. Меѓутоа во јануари оваа година, Владата на Република Македонија до Агенцијата достави Мислење изработено од Државната комисија за спречување на корупцијата, во врска со постапувањето по одредени прашања за време на мандатот на составот на преодната Влада за спроведување на избори на пратеници, како и за време на периодот од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија. Согласно Мислењето, ќе мора студијата, односно спроведувањето на јавната набавка за избор на агенција која ќе го направи истражувањето, да се изврши по изборите, по формирање на новата Влада, бидејќи претходно е потребно да се направи измена на Финансискиот план на Агенцијата за 2016 година, за да се предвидат средства за такво истражување и согласно тоа и на Планот за јавни набавки на Агенцијата. Објасни дека тие активности не може денес во моментов да се направат, а од утрешниот ден па натаму, Агенцијата нема да биде во можност од причините кои ги навел. Препорача, тоа да се направи во првиот ден по формирањето на Владата за да се одговори на Барањето на ТВ 21. На крајот додаде дека сепак крајната одлуката е на Советот, а негов личен став е да Советот го прифати вториот заклучок.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, во суштина рече дека станува збор дали ќе се изработи нова студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс или не, за да се констатира дали има оправданост за објавување конкурсот. Доколку се констатира дека има оправданост, тогаш секоја заинтересирана страна, не само барателот, може да учествува. Затоа е многу важно да се донесе заклучок дали ќе важат наодите од веќе изработената Студија, бидејќи периодот од изработката до денес е многу краток и не се имаат случено значајни промени на пазарот, или пак дека е потребно да се изработи нова студија, да се спроведе ново истражување, по пат на јавна набавка и да се избере агенција која ќе ја изработи студијата.

Г-дин Петрушевски, рече дека од претходната Студија до денес имаат поминато неполни четири месеци, при што времето е кратко за да навистина нешто се смени на пазарот. Објасни дека сегашното барање во споредба со претходното барање, според него, меѓу нив има само две мали разлики. Едната разлика е што сегашниот барател веќе постои како кабелска телевизија во споредба со претходниот барател кој беше сосема нова телевизија. Втората разлика е што на оваа телевизија, јазик на емитување е албански јазик за разлика од втората. Потсети дека комерцијални телевизии на македонски јазик се ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа, а терестријално на албански е ТВ Алсат-М, односно една телевизија. Тука ја гледа разликата. Објасни дека не би сакал да ги одбие на почетокот, би дал можност, тоа и Законот го бара и би одел на втората опција, да се изработи нова студија за оправданоста и за неа ќе даде поддршка. Податокот што има промена на јазикот, му дава за право да побара да се направи стручна студија уште еднаш.

Г-дин Фетаи, рече дека минатиот пат кога ја разгледувале изработената Студија и кога дискутирале по неа, од сите аспекти, тој и колегата Селвер Ајдини биле воздржани во

поглед на наодите од Студијата и се одлучи така како што одлучи мнозинството. Новиот случај, новото барање има нови карактеристики, како што кажал и претседателот на Советот, во смисла дека се работи за телевизија која веќе постои и има дозвола на државно ниво. Во смисла на главниот аргумент кој беше во Студијата, дека ќе се случат промени на пазарот со влез на нов играч, рече дека барателот не е нов играч туку истиот, бидејќи само го менува емитувањето на сигналот на друга платформа. Битно е и дека се работи за телевизија која емитува програма претежно на албански јазик и на пазарот има плурализам. Од таа причина се изјасни дека ќе го подржи вториот заклучок. Предложи, кога ќе се спроведе истражувањето за новата студија, да се назначи дека телевизијата веќе постои и податокот дека таа ќе емитува програма претежно на албански јазик. Во врска со рекламирањето, рече дека огласувачите се исти без оглед на кој јазик телевизијата емитува програма. На пример Кока-Кола и Телеком се ориентираат спрема гледаноста. Во својата дискусија претпостави дека за телевизија која веќе постои и само ќе го промени сигналот, можеби истражувањето ќе биде помало. Го поддржува предлогот да има ново истражување, но со двете насоки кои ги кажал. Инаку, рече, дека тој во разговорите кои ги имал со другите телевизии кои се на кабел и емитуваат програма на албански јазик, поради финансиската оптовареност која би била со преминување во дигиталните предаватели, имаат резерва, инаку се заинтересирани и тие да преминат. Фактички, кога ќе се објави конкурсот, ќе има конкуренција во таа смисла. Прашање е само дали на почетокот ќе се назначи дека истражувањето ќе биде за телевизиите кои емитуваат програма претежно на албански јазик, такви кабелски телевизии на државно ниво ги има 4, да и тие имаат можност да учествуваат или ќе дојде сосема нова телевизија. Уште еднаш нагласи дека го поддржува заклучокот да се изработи нова студија. Во однос дека ќе се изработи по изборите, рече дека тоа е законска обврска и тука нема што да се дискутира и не треба да се излегува надвор од Законот.

Г-дин Петрушевски, рече дека засега како што тековно е состојбата во државата, над 90% постои веројатност дека ќе има избори, но доколку се смени нешто до утре, рече дека јавната набавка ќе се објави и порано.

Г-ѓа Машовиќ, пристигна на седницата.

Г-дин Фиданоски, рече дека за минатата Студија, ако добро го служи паметењето, фигурираа двајца заинтересирани субјекти, до половина час пред започнување на седницата. Меѓу нив била и ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, која половина час пред седницата, прати допис дека го повлекува барањето за изработка на студија за потреба од објавување јавен конкурс. Тој лично не добил релевантно објаснување за тоа, но се согласи дека тоа претставува суверено право на подносителот да го повлече барањето или не. Се изјасни дека се придружува кон колегите кои даваат поддршка на вториот заклучок, дека треба да се изработи втора студија. Прво од причина што мисли дека е поцелисходно за секое барање, сметајќи дека тој што е подносител е сериозен во своите намери. Рече дека треба да се изработи таква студија, бидејќи станува збор за терестријална дозвола на државно ниво. Второ, кога се водела дискусија за минатата анализа, кажал дека многу од податоците, вредностите од параметрите во таа Студија, според него биле многу контрадикторни, но нема да навлегува во детали и да се објаснува. Од тие причини смета дека треба да се даде можност да се изработи нова студија, за која не се знае периодот кога ќе може да се изработи. Ако од утре почнува распуштање на Собранието, ќе се чека избор на нова Влада. Доколку се случи, како што кажал г-дин Петрушевски, пресврт, не 10%, нека се 5%, евентуално може и помалку, тогаш ќе има нови рокови па ќе се дискутира за нови датуми. Во секој случај тоа не претставува пречка. Ако новата студија покаже некаква оправданост, рече дека не е пречка како што кажал и г-дин Фетаи, да се пријават на тој потенцијален конкурс и други заинтересирани страни, затоа што таа студија ќе даде

оправданост дека има потреба од таква дозвола. Нему му е интересен и индикативен моментот на барањето што стои во образложението, дека „се однесува на нов вид на телевизиска програма која би ја понудила ТВ Компани 21 ДОО Косово, како единствен содружник итн. ..како телевизија од општ формат, но во организациски програмски дел интегрирана редакција на мултимедијална платформа. Овој вид на дигитална платформа може да донесе новина во македонскиот етер со користење на нови дигитални платформи со можност за повеќе јазични преводи титлувани и синхронизирани". Ова го разбира покрај моментот за паралелен повеќе јазичен превод синхронизиран, можност за отворање на субканали, на основниот канал, она што е залагање за специјализирани канали. На тој принцип, објасни дека оваа телевизија, оваа компанија, работи на територија на Косово. Според негови сознанија, меѓу другото, од тие причини, веројатно е најгледан телевизиски медиум во соседната држава. Смета дека има оправданост ваквата работа, каде меѓу другото би се исполниле едни од целите во нашата програма, да се даде поддршка на радиодифузерите кои имаат намера да отвораат и специјализирани телевизиски канали. Од тие причини, меѓу другото, и тој е за тоа да се даде можност за изработка на нова студија.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.03-1785/2 од 05.04.2016 година, за доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и едногласно, со 7 гласа „за", донесе заклучок дека е потребно да се изработи нова студија за оправданоста за објавување јавен конкурс.

Активностите потребни за изработка на студијата (измена и дополнување на Финансискиот план и на Планот за јавни набавки на Агенцијата за 2016 година и започнување постапка за избор на агенција што ќе ја изработи новата студија согласно Законот за јавни набавки) да се преземат по завршувањето на изборите и конституирањето на новата Влада на Република Македонија.

Г-дин Трајчевски, информира дека со допис ќе се извести подносителот на барањето ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје, дека рокот од три месеци во којшто Агенцијата е должна да ја изработи студијата ќе започне да тече од денот на конституирањето на новата Влада на Република Македонија, по завршувањето на изборот за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да го подготви горенаведениот допис.

**Точка 4**

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, ја образложи Предлог-одлуката за вршење процена на вредноста на движна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-2135/1 од 05.04.2016 година и едногласно, со 7 гласа „за", даде одобрение директорот да донесе одлука за одобрување средства за ангажирање овластен проценител за процена на вредноста на движната ствар - патничко моторно возило марка „ПЕЖО 308", лимузина, со регистарска таблица SK-790-TS, идентификационен број VF34EBFSC55324262, идентификационен број на мотор 10FGAD0387660, година на производство 2009, боја на каросерија „МЕТ СИВА/18", со што ќе се утврди и состојбата во која се наоѓа движната ствар - моторно возило марка „ПЕЖО 308".

Износот на одобрени средства, потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на службеното моторно возило, да не изнесува повеќе од 6.000,00 денари, со пресметан ДДВ.

**Точка 5**

Разно

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2111/4**
**14.04.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**